# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 28.01.2026 ГОДИНА<br>БРОЈ 1 ГОДИНА 2026<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ<br>ЕДБ 4021004146176 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани"бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година**

1. Се прогласува Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2026 година.

2. Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-130/2
28.01.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 275/19,14/20, 215/21, 99/22; 208/24; 210/24) и Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.7/2026), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на 28.01.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година**

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година изнесува 81,6 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кривогаштани“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2026 година.

Бр.08-76/3
28.01.2026 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани"бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за 2026 година**

1. Се прогласува Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за 2026 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2026 година.

2. Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за 2026 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-130/3
28.01.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Сл. Весник на РМ бр 149/14, 149/15 и 53/16) и согласно член 17 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Кривогаштани (Сл.гласник на Општина Кривогаштани број 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23) Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28.01.2026 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за 2026 година**

## 1.ВОВЕД

Со оваа програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомни кучиња-скитници, условите, организацијата активностите и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето.

Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња за 2026 година е изработена согласно член 28 од Законот за заштита и благостојба на животните (Сл.весник на РМ број 149/14), во согласност со Актуелната Годишната наредба за здравствена заштита на животните, препораките од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните како и во согласност на Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за периодот 2023-2026 година, според кои хуманиот начин на третирање и единствен начин на решавањето на проблемот со бездомните кучиња.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните,но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на Програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се превземат на територијата на општината за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња, како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните.

## 3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да се превземат во 2026 година за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња.

Активностите за хумано третирање на бездомни кучиња-скитници на територијата на Општина Кривогаштани ке опфатат:

-заловување на кучињата

-транспорт до прифатилиштата

-прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина,

-лабараториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза,

-ветеринарно медицински третман на кучињата, овариохистеректомија и орхиектомија,

-постоперативно сместување и нега,

- вакцина и дехелментација,

-обележување со микрочип

-враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата,

- Спроведување на тест за социјализација

- еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното здравство,

- едукација и подигнување на јавната свест кај населението.

## 4. ОПИС НА АКТИВНОСТИ

### 4.1 Заловување на кучињата

Постапките за заловување на кучињата каки контролата на популацијата ќе се извршува од страна прифатилиште кое има одобрение од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство и кое има склучено договор за извршување на услугите со Општина Кривогаштани во согласност со законот за јавни набавки.

Согласно законските прописи општината е надлежна да врши собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затекнат на јавни површини без присуство на сопственикот и привремено да ги сместат во соодветни објекти-прифатилишта. Во овие објекти треба да се обезбеди елементарна заштита на животните од непогодни временски услови и да се обезбеди нивно ефикасно затворање.

Заловувањето на бездомните кучиња се врши од страна на квалификувани лица на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.

### 4.2 Престој во прифатилиште, ветеринарно- медицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиште, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, согласно законските прописи.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Еутаназијата се врши:

-во согласност со важечките законски прописи и наредби;

-кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни, животни кои видливо страдаат или стари изнемоштени животни;

-кога кучињата претставуваат опасност кон луѓето или другите животни и

-кога кучињата поминале минимум временски период потребен за исцрпување на можноста за вдомување.

Медицински третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до Ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство за ветеринарно медицински третман на бездомните кучиња од прифатилиштето за што треба да се поседува валиден склучен

договор, односно во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифатилиштето доколку го поседува. Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизираат. По завршената операција и пост оперативно опоравување животните се враќаат назад во прифатилиштето, односно во делот за престој во прифатилиштето каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор. Изведувачот на програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија, а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштето.

Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и се третираат со средство против ендопаразити и ектопаразити. Третираните кучиња се обележуваат со микрочип се враќаат во реонот на заловување или се вдомуваат, а вдомените се регистрираат во ветеринарно информативниот систем односно ветеринарните друштва треба да ги внесат податоците за извршената идентификација, вакцинација и дехелминтизација на домашните миленици во ИСАХВ, во рок од два работни дена.

Пред вакцинацијата против беснило, животните треба да се дехелментизираат со средство кое согласно упатството на производителот, делува против причинителот на ехинококозата. Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.

Кучињата скитници кај кои лабараториски (од акредитирана лабараторија) ќе биде потврдена болеста Лајшманиоза ќе се третираат согласно важечката годишна наредба за здравствена заштита на животните-дел 6 ДРУГИ ПАРАЗИТСКИ ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ КАЈ КУЧИЊАТА ТОЧКА 6.3 (Сл. весник на РСМ број 38/2023).

**-Спроведување на тест за социјализација**

Тестот за социјализација се врши согласно важечкиот правилник за начинот на спроведување на тест за социјализација на куче. После спроведениот тест за социјализација, кучињата кои ќе бидат прогласени за опасни не се враќаат на местата каде се заловени и понатамошно се третираат согласно важечки правилник односно се остава можност истите да бидат вдомени во рок од 30 дена. Доколку не бидат вдомени, истите се еутанизираат во постапка согласно важечки правилник.

**4.3 ЕДУКАЦИЈА И ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО**

Подигнување на јавната свест кај граѓаните на општина Кривогаштани е клучна за спроведување и хуман третман кај кучињата скитиници. Изведувачот на Програмата е должен да обезбеди комуникација со граѓани преку разни форми на комуникација, да спроведува подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучињата.

Посебно внимание треба да се посвети на спроведување на посебни програми за подигнување на јавната свест кај корисниците на сточниот пазар во Кривогаштани. Имено секој пазарен ден (среда), несовесни граѓани од други населени места ги напуштаат своите кучиња во сточниот пазар во Кривогаштани, кои постојано ја зголемуваат популацијата на бездомните животни.

За реализација на овие активности ќе се бара соработка со невладини организации кои се занимаваат со заштитата на кучињата скитници.

**5. ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ,**

Се предвидува интензитетот на заловување и капацитетот на сместување во прифатилиште да ги исполнува условите за сместување на 10 бездомни кучиња/месечно.
Според проценки од увидот на лице место и редовните контакти со невладини организации кои делуваат на заштита на бездомните кучиња, во моментот егзистираат 30-40 кучиња.
Активностите утвредени табелата подолу се однесуваат на заловување од 40 кучиња годишно.
Истите ќе бидат заловени во сите населени места населените места каде има потреба со поебен акцент на населените места:

- Кривогаштани-центар и сточен пазар
- Крушеани-центар
- Обршани-центар, школо
- Воѓани-центар
- Славеј-центар
- Пашино Рувци-центар
- Бела Црква-Центар
- Боротино-центар

**6.БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите утвредени табелата подолу се однесуваат на заловување од 40 кучиња годишно и ќе се финансираат од Буџетот на Општина Кривогаштани, со средства од Програмата на активностите на Општина Кривогаштани во областа на здраствената заштита за 2026г.
Општина Кривогаштани ќе изврши трансфер на средства на изведувачот на Програмата.

| Ред.број | Активност | Финансирање | Сума/ден |
|---|---|---|---|
| **Заловување, транспорт, идентификација и евиденција** | | | |
| 1. | Заловување на бездомни кучиња | Општина Кривогаштани | 40.000 |
| 2. | Идентификација и евиденција | Општина Кривогаштани | 25.000 |
| 3. | Транспорт до прифатилиште | Општина | 30.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Кривогаштани | |
| 4. | Престој во прифатилиште, медицински третман, стерилизација, постоперативнотретирање, еутаназија, закопување на мртви кучиња | Општина Кривогаштани | 180.000 |
| 5 | Транспорт до реон на заловување | Општина Кривогаштани | 25.000 |
| 6 | Спроведување на тест за социјализација на куче | Општина Кривогаштани | 40.000 |
| **Подигнување на јавната свест** | | | |
| 7. | Организирање на јавни настани и манифестации за одгледување и вдомување на кучиња | Општина Кривогаштани | 10.000 |
| **Вкупно** | | | 350.000 |

**7. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА**

Годишната програма ке ја реализира субјект кој општината ќе го избере на јавен повик и кој ги исполнува условите за изведување на активностите наведени во програмата согласно закон, односно сите активности треба да ги изведе регистрирано прифатилиште кое е одобрено од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство.
Доколку на јавниот повик не се јави изведувач на програмата, Општина Кривогаштани се задолжува во рок од 15 дена, договорно да ангажира двајца лиценцирани заловувачи, како и фирма која ќе изврши транспорт на заловените кучиња до институција во која треба да се изврши третирање на заловените кучиња-скитници.

**8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за комунални дејности и локален економски развој во Општина Кривогаштани. За спроведените активности на терен, изведувачот е должен да изготвува квартални извештаи кои ќе бидат доставени до Градоначалникот на Општина Кривогаштани и ќе бидат усвоени од Советот на Општина Кривогаштани.
Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-76/4 — Претседател на Совет на
28.01.2026 година — Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина

Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука бр. 08-76/5 од 28.01.2026 година за продажба на движен имот- патничко возило сопственост на Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката бр. 08-76/5 од 28.01.2026 година за продажба на движен имот- патничко возило сопственост на Општина Кривогаштани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2026 година.

2. Одлуката бр. 08-76/5 од 28.01.2026 година за продажба на движен имот-патничко возило сопственост на Општина Кривогаштани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-130/4
28.01.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 и член 66 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. весник на РМ,, бр. 5/02), член 17 став 1 точка 32 и член 108 став 1 и 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (Службен гласник на Општина Кривогаштани бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28.01.2026 година донесе

**О Д Л У К А**
за продажба на движен имот- патничко возило сопственост на Општина Кривогаштани

Член 1

Се одлучува да се изврши продажба на движен имот- вид патничко возило М1, марка BMW, ознака 5D525 TDS, број на шасија-идентификационен број на возилотот WBADF71030BS44458, број на мотор 30708831, сила на моторот 105 кW, година на производство 1997, нерегистрирано, со сообраќајна дозвола МК1051676, регистарски ознаки PP-0525-AE, сопственост на Општина Кривогаштани.

Член 2

Продажбата на движниот имот опишан во член 1 ќе се изврши во постапка за избор на најповолен понудувач, по пат на електронско јавно наддавање, согласно закон, со проценета вредност како почетна цена утврдена согласно Законот за процена.

Член 3

Со најповолниот понудувач на електронското јавно наддавање ќе се склучи договор по извршената уплата на највисоката цена понудена за продажба на движната

ствар, во кој договор детално ќе бидат регулирани правата и обврските на двете договорни страни.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-76/5 Претседател на Совет на
28.01.2026 година Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Сужбен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за прогласување на Одлука бр. 08-76/6 од 28.01.2026 година за продажба на движен имот- патничко возило сопственост на Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката бр. 08-76/6 од 28.01.2026 година за продажба на движен имот-патничко возило сопственост на Општина Кривогаштани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2026 година.

2. Одлуката бр. 08-76/6 од 28.01.2026 година за продажба на движен имот-патничко возило сопственост на Општина Кривогаштани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-130/5 Градоначалник на
28.01.2026 година Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 и член 66 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. весник на РМ,, бр. 5/02), член 17 став 1 точка 32 и член 108 став 1 и 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (Службен гласник на Општина Кривогаштани бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28.01.2026 година донесе

**О Д Л У К А**

за продажба на движен имот- патничко возило сопственост на Општина Кривогаштани

Член 1

Се одлучува да се изврши продажба на движен имот- вид патничко возило М1, марка volkswagen, ознака POLO, број на шасија-идентификационен број на возилотот WVWZZZ6NZTY174954, број на мотор 127773, сила на моторот 83 кW, година на производство 1996, нерегистрирано, со сообраќајна дозвола МК0507717, регистарски ознаки PP-8955-AC, сопственост на Општина Кривогаштани.

Член 2

Продажбата на движниот имот опишан во член 1 ќе се изврши во постапка за избор на најповолен понудувач, по пат на електронско јавно наддавање, согласно закон, со проценета вредност како почетна цена утврдена согласно Законот за процена.

Член 3

Со најповолниот понудувач на електронското јавно наддавање ќе се склучи договор по извршената уплата на највисоката цена понудена за продажба на движната ствар, во кој договор детално ќе бидат регулирани правата и обврските на двете договорни страни.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-76/6 — Претседател на Совет на
28.01.2026 година — Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани"бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за прогласување на Одлука за давање под закуп на дел од недвижниот имот во н.м Кривогаштани, сопственост на Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за давање под закуп на дел од недвижниот имот во н.м Кривогаштани, сопственост на Општина Кривогаштани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2026 година.

2. Одлуката за давање под закуп на дел од недвижниот имот во н.м Кривогаштани, сопственост на Општина Кривогаштани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-130/6 — Градоначалник на
28.01.2026 година — Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 и член 67 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) член 17 став 1 точка 32 и член 107 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани“ бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28.01.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање под закуп на дел од недвижниот имот во н.м Кривогаштани, сопственост на Општина Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се одлучува да се даде под закуп дел од објект бр.1, намена на зграда В4-8- органи на локалната самоуправа, во приземјето на општинската зграда во н.м Кривогаштани на КП бр.7657 ИЛ 2081 КО Кривогаштани, со површина од 62,52 м2, сопственост на Општина Кривогаштани.

Член 2

Давањето под закуп на недвижниот имот запишан во член 1 ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање , согласно закон, со вкупна почетна цена на закупнина која ќе изнесува 0,5% од проценетата вредност на недвижниот имот утврдена согласно Законот за процена.

Член 3

Давањето под закуп на недвижниот имот опишан во член 1 е за временски период од 4 (четири) години.

Член 4

Со најповолниот понудувач на електронското јавно наддавање ќе се склучи договор во кој детално ќе бидат регулирани правата и обврските на двете договорени страни.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,

Бр.08-76/7
28.01.2026 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Сужбен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за изведување на државната химна и подигање на државното знаме во ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани и во ООУ,,Јонче Смугрески,, Обршани**

1. Се прогласува Одлуката за изведување на државната химна и подигање на државното знаме во ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани и во ООУ,,Јонче Смугрески,, Обршани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2026 година.

2. Одлуката за изведување на државната химна и подигање на државното знаме во ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани и во ООУ,,Јонче Смугрески,, Обршани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-130/7
28.01.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), Законот за употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија (''Службен весник на РМ'' бр.32/97 и 110/08) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани“ бр.3/11; 17/14; 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28.01.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за изведување на државната химна и подигање на државното знаме во ООУ,,Манчу Матак,, Кривогаштани и во ООУ ,,Јонче Смугрески,, Обршани**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува обврска за основните училишта во Општина Кривогаштани ООУ,,Манчу Матак,, Кривогаштани и во ООУ ,,Јонче Смугрески,, Обршани за изведување на државната химна и подигање на државното знаме.

Член 2

Во централните основни училишта во Општина Кривогаштани државното знаме ќе се подига секој понеделник пред почетокот на наставата за прва смена, а државната химна ќе се изведува секој понеделник пред почетокот на наставата за прва и втора смена и тоа започнувајќи од тековната учебна 2025/2026 година и секоја наредна учебна година.

Член 3

Подигањето на знамето и изведувањето на химната во основните училишта во Општина Кривогаштани ќе се спроведува во согласност со Законот за употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија (''Службен весник на РМ'' бр.32/97 и 110/08).

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кривогаштани“.

Бр.08-76/8 | Претседател на Совет на
28.01.2026 година | Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани"бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за прогласување на Одлука за дополнување на Годишна програма за работа на ООУ „Манчу Матак“ - Кривогаштани, Општина Кривогаштани за учебната 2025/2026 година бр.08-198/3 од 14.08.2025 г.**

1. Се прогласува Одлуката за дополнување на Годишната програма за работа на ООУ „Манчу Матак“ - Кривогаштани, Општина Кривогаштани за учебната 2025/2026 година бр.08-198/3 од 14.08.2025 г. што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2026 година.

2. Одлуката за дополнување на Годишна програма за работа на ООУ „Манчу Матак“ - Кривогаштани, Општина Кривогаштани за учебната 2025/2026 година бр.08-198/3 од 14.08.2025 г. ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-130/8 | Градоначалник на
28.01.2026 година | Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

Врз основа на член 49 став 8 од Закон за основното образование ( „Службен весник на РСМ“ бр.161/19), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 17 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани“ бр.3/11; 17/14; 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28.01.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за дополнување на Годишна програма за работа на ООУ „Манчу Матак“ Кривогаштани, Општина Кривогаштани за учебната 2025/2026 година бр.08-198/3 од 14.08.2025 г.**

Член 1

Со оваа Одлука се дополнува Годишната програма за работа на ООУ „ Манчу Матак “ - Кривогаштани, Општина Кривогаштани за учебната 2025/2026 година бр.08-198/3 од 14.08.2025 г. со Програма бр. 02-310/3 од 16.122025 г.и Акциски план бр.02-297/6 од 28.11.2025 г.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кривогаштани“.

Бр.08-76/9 | Претседател на Совет на
28.01.2026 година | Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Сужбен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за прогласување на Одлука за доделување на финансиски средства како помош поради настанат пожар во семејната куќа на Јане Благадушоски од Воѓани**

1. Се прогласува Одлуката за доделување на финансиски средства како помош поради настанат пожар во семејната куќа на Јане Благадушоски од Воѓани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2026 година.

2. Одлуката за доделување на финансиски средства како помош поради настанат пожар во семејната куќа на Јане Благадушоски од Воѓани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-130/9
28.01.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (’’Службен весник на РМ’’ бр 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (’’Службен гласник на Општина Кривогаштани’’ бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28.01.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства како помош поради настанат пожар во семејната куќа на Јане Благадушоски од Воѓани**

Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат финансиски средства како помош поради настанат пожар во семејната куќа на Јане Благадушоски од Воѓани.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Кривогаштани да исплати сума во износ од 30.000 денари од Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година на сметката на Јане Благадушоски од Воѓани.

Член 3

За начинот на реализација на финансиската помош, ќе се донесе посебно Решение.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ’’Службен гласник на Општина Кривогаштани’’.

Бр.08-76/10
28.01.2026 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Сужбен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Заклучок за задолжување на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани**

1. Се прогласува Заклучокот за задолжување на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани што Советот на Општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 28.01.2026 година.

2. Заклучокот за задолжување на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-130/10 Градоначалник на
28.01.2026 година Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани„ бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28.01.2026г. донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за задолжување на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани**

Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на 28.01.2026 година ја разгледа состојбата со истекот на жива вода во н.м.Крушеани и донесе заклучок да се задолжи ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани да изврши чистење на каналот каде што тече водата во делот на градежниот опфат, со цел да се овозможи непречен истек на водата.

Бр.08-76/11 Претседател на Совет на
28.01.2026 година Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

---

**СОДРЖИНА**

**на акти донесени на 7-ма седница на Советот на Општина Кривогаштани одржана на ден 28.01.2026 година и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани**

1.Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година,……………………….1

- Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година,…………………………………………………………………….1

2. Заклучок за прогласување на Програма за контрола на популацијата на бездомните кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за периодот 2026 година,…………2

- Програма за контрола на популацијата на бездомните кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за периодот 2026 година……………………………………………………2

3. Заклучок за прогласување на Одлука бр.08-76/5 од 28.01.2026 година за продажба на движен имот- патничко возило сопственост на Општина Кривогаштани..............7

- Одлука за продажба на движен имот- патничко возило сопственост на Општина Кривогаштани,………………………………………………………………………………………………………8

4. Заклучок за прогласување на Одлука бр. 08-76/6 од 28.01.2026 година за продажба на движен имот- патничко возило сопственост на Општина Кривогаштани,…………..9

- Одлука за продажба на движен имот- патничко возило сопственост на Општина Кривогаштани,………………………………………………………………………………………………………9

5. Заклучок за прогласување на Одлука за давање под закуп на дел од недвижен во н.м Кривогаштани, сопственост на Општина Кривогаштани.........................................10

- Одлука за давање под закуп на дел од недвижен во н.м Кривогаштани, сопственост на Општина Кривогаштани...........................................................................................11

6. Заклучок за прогласување на Одлука за изведување на државната химна и подигање на државното знаме во ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани и ООУ ,,Јонче Смугрески,, Обршани..........................................................................................................12

- Одлука за изведување на државната химна и подигање на државното знаме во ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани и ООУ ,,Јонче Смугрески,, Обршани...........................12

7. Заклучок за прогласување на Одлука за дополнување на Годишна програма за работа на ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани за учебната 2025/2026 година...........13

-Одлука за дополнување на Годишна програма за работа на ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани за учебната 2025/2026 година...............................................................14

8. Заклучок за прогласување на Одлука за доделување на финансиски средства како помош поради настанат пожар во семејната куќа на Јане Благадушоски од Воѓани...14

- Одлука за доделување на финансиски средства како помош поради настанат пожар во семејната куќа на Јане Благадушоски од Воѓани........................................................15

9. Заклучок за прогласување на Заклучок за задолжување на ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани…...........................................................................................................15

-Заклучок за задолжување на ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштан....................................16

**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**

**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**

**Тираж: 20 примероци**